Република Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Г-дин Филип Иванов
Директор
Управа за животна средина
Министерство за животна средина
и просторно планирање
бул. Гоце Делчев бб
1000 Скопје
Република Македонија

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
СКОПЈЕ

| Примено: 27.09.2011 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11- | 8488/ | | |


Влада на Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Бр. 12-8989/1
26.09.2011 год.

Јуриј Гагарин 15,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3134 477
Е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

Предмет: Доставување на Известување на намера за изведување на проект и барање за определување на обемот на оценатa на влијанието на проектот акумулација „Речани“ на Оризарска река, во општина Кочани врз животната средина

Почитувани,

Ве информираме дека Влада на Република Македонија, односно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство планира да започне со имплементација на проектот акумулација „Речани“ на Оризарска река.
Водите од акумулацијата на Оризарска Река ќе се користат за водоснабдување на 80.000 жители од Кочанскиот и Виничкиот регион, за наводнување на нови 240 хектари обработливи површини од Оризарско и Прибачевско Поле, како и за производство на електрична енергија преку три мини хидроцентрали.

Во поширок контекст, искористувањето на хидро-потенцијалот како обновлив и чист извор на енергија овозможува намалување на емисијата на стакленички гасови и соодветен придонес на Република Македонија кон борбата за намалување на ефектите од климатските проемни, најголемиот предизвик за животната средина со кој денес се соочува глобалната меѓународна заедница.

Проектот вклучува активности за планирање, проектирање и воспоставување на хидросистемот „Оризарска река“, со придружна инфраструктура. Проектираниот предлог е вклучен во Прилог I од Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина (Сл.весник на РМ бр. 74/05) точка 12 – Хидро-технички објекти.

Согласно членот 80 од Законот за животна средина (Сл.весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10,

124/10 и 51/11 година) и релевантната секундарна регулатива, Ви доставуваме Известување за намера за спроведување на проектот, вклучувајќи пополнет Преглед со кој се утврдува потребата од оцена на влијанието врз животната средина. Дополнително, во согласност до членовите 81 и 82 од Законот за животна средина, со овој допис бараме Вашата институција да го определи обемот на оцена на влијанието на проектот врз животната средина. За таа цел, во прилог на ова барање Ви доставуваме пополнета Листа на проверка за определување на обемот на оцената на влијанието врз животната средина.

Со почит,

Методија Томески, дипл.гр.инж.
Директор

Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Скопје

Изработил: Бојан Дурнев

| | |
|---|---|
| Прилог: | Известување за намера за спроведување на проектот |
| | Листа на проверка за определување на обемот на оцената на влијанието врз животната средина. |

28.9.2011
8488/1

Република Македонија

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Бакиш/Бачев МПНО 11 1

**Г-дин Abdilaqim Ademi**
**Министер**
Министерство за животна средина
и просторно планирање
бул. Гоце Делчев бб
1000 Скопје
Република Македонија

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
СКОПЈЕ

| Примено: | 27.10.2011 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 8488 | 2 | |


Влада на Република
Македонија
Министерство за
земјоделство,
шумарство и
водостопанство

Бр. 12-7331/2
19.09.2011 год.

Јуриј Гагарин 15,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3134 477
Е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk


Предмет: Ургенција

Почитуван,

Ве информираме дека Влада на Република Македонија, преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство планира да започне со имплементација на проектот акумулација „Речани“ на Оризарска река, за кој во тек е изработка на техничка документација.

За таа цел на ден 19.09.2011 година испративме Известување за намера за спроведување на проект (наш број 12-7331/1, ваш број 11-8488/1) до Вашето Министерство. Ве молиме поради итноста за имплементација на овој проект и поддршката на Владата на РМ за истиот, да ни излезете што е можно поскоро во пресрет и да ни издадете решение за обемот на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина.

Со почит,

**Љупчо Димовски**
**Министер**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО * СКОПЈЕ *

Изработил: Бојан Дурнев

Одобрил: Кадир Салих, Директор